# З А К О Н
# ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ
## Редакциски пречистен текст[1]

## I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со цел да се заштитат животот и здравјето на луѓето, човековата околина и материјалните добра, складирањето на запалните течности и гасови и дејствијата сврзани со складирањето, преработката и транспортот со помош на цевоводи се врши под условите и на начин определен со овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и во согласност со техничките и другите услови пропишани за овој вид материи.

Одредбите на овој закон не се однесуваат кога овие работи се вршат во Армијата на Република Северна Македонија и во јамите на подземните рудници.

### Член 2

Запални течности, во смисла на овој закон, се течности или смеси од течности без или со суспендирани или со растворени цврсти материи, кои на температура од 50°С имаат притисок на пареата под 3 кр/см$^2$, а чии пареи се палат во погоден однос со воздух и во присуство на пламен или искра (нафта и нафтени деривати: бензин, петрол, газолин, керозин, мазут и др.; алкохол, етри, алдехиди, кетони, естри и разни органски и неоргански киселини).

### Член 3

Гасови, во смисла на овој закон, се материи кои на температура од 15°С и под притисок од 760 мм Хг се наоѓаат во гасовита состојба, а се користат компримирани, претворени во течност или растворени под притисок.

### Член 4

Под складирање на запални течности и гасови, во смисла на овој закон, се подразбира секое трајно или привремено чување на овие течности и гасови во објекти и на надворешен простор, без оглед на зафатнината и видот на садовите во кои се држат тие.

---

[1] Редакциски пречисетниот текст на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во „Службен весник на СРМ" бр.15/76, Законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, објавен во „Службен весник на СРМ" бр.51/88, Законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, објавен во „Службен весник на СРМ" бр.19/90, Законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, објавен во „Службен весник на РМ" бр.12/93, Законот за изменување и дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, објавен во „Службен весник на РМ" бр.66/07, Законот за дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, објавен во „Службен весник на РМ" бр.130/08, Законот за изменување и дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, објавен во „Службен весник на РМ" бр.148/15 и Законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.294/21, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**Член 5**

Под дејствија сврзани со складирањето на запални течности и гасови се подразбираат: внатрешниот транспорт, пренесувањето, манипулациите при сместувањето и испраќањето во складишните и другите работни простории, дистрибуција со помош на цевоводи, преточувањето и другите дејствија со запалните течности и гасови.

## II. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ПРИ СКЛАДИРАЊЕ И ДЕЈСТВИЈА СВРЗАНИ СО СКЛАДИРАЊЕТО НА ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ

**Член 6**

Садот и резервоарот во кои се држат запални течности односно гасови мораат да одговараат на техничките услови пропишани за соодветниот вид на запална течност односно гас.

Садот и резервоарот од претходниот став мораат да бидат изработени според соодветен стандард.

**Член 7**

Садот, резервоарот односно инсталацијата, во кои се држат односно пренесуваат запални течности или гасови, ако пропуштаат запална течност или гас, се отстрануваат од употребата сè додека не се доведат во исправна состојба.

**Член 8**

Магацин, склад или резервоар за складирање на запални течности и гасови, преточувалиште, станица за снабдување со гориво, нафтовод или гасовод, вклучувајќи го складот, постројката или уредот што е технолошки сврзан со нафтоводот или гасоводот, можат да се изградуваат односно поставуваат на место за кое претходна согласност ќе даде Министерството за внатрешни работи.

Претходна согласност за изградување односно поставување на магацин, склад или резервоар за складирање на запални течности и гасови, како и за станица за снабдување со гориво кои служат за продажба на такви материи, може да се издаде ако изградувањето односно поставувањето се врши на подрачје што е предвидено со просторен и урба-нистички план или со општ акт на општината со кој се регулира режимот и условите на градење во населените места.

Претходна согласност за изградување односно поставување на објект од претходниот став може да се издаде и за подрачје што не е предвидено со просторниот и урбанистичкиот план или со општиот акт на општината со кој се регулира режимот и условите на градење во населените места, доколку запалните течности и гасови служат за сопствени потреби или тука се произведуваат и доколку тој објект се изградува односно поставува на постојна локација.

**Член 9**

Подносителот на барањето за издавање на претходна согласност од член 8 на овој закон со барањето приложува:

— ситуација во два примероци со диспозиција на постојните околни објекти и објектите што ќе се градат;

— опис на намената на објектите вцртани во ситуацијата;

— технички опис на објектот односно постројките што ќе се градат односно постават и опис на технолошкиот процес; и

— попис на видовите и количествата на запалните течности и гасови што на тоа место ќе се складираат со нивни пожарни и експлозивни карактеристики.

**Член 9-а**

По добивање на решение за локациски услови од надлежен орган, подносителот на барањето од членот 9 на овој закон до Министерството за внатрешни работи, доставува на согласност проект за заштита и безбедност на запални течности и гасови.

Министерството за внатрешни работи дава согласност за усогласеноста на проектот од ставот 1 на овој член со техничките прописи од оваа област.

**Член 10**

Објектот од член 8, став 1 на овој закон се изградува односно поставува на начин на кој се спречува излевање на запалната течност во водотечник, подземна вода или канализација што не е наменета за такви материи односно што спречува навлегување на гасот во канализацијата, канал или простор што е под нивото на околното земјиште, како и во простор кој исклучува опасност за околните објекти.

**Член 11**

Претходната согласност за изградување односно поставување на објектот од член 8, став 1 на овој закон ја дава Министерството за внатрешни работи.

Претходната согласност за местото за изградување односно поставување на објектот од член 8, став 1 на овој закон за складирање на запални течности со вкупна зафатнина над 1.000 $м^3$ и за складирање на гасови со вкупна зафатнина над 300 $м^3$, на објект за складирање на запални течности и гасови што се вадат од земја или се преработуваат и за трасата за изградба на нафтовод или гасовод, вклучувајќи го складот, постројката или уредот кој е технолошки сврзан со нафтоводот или гасоводот, ја дава Министерството за внатрешни работи.

Одредбата од претходниот став, сврзана со зафатнините се однесува и кога запалните течности или гасови се сместени во повеќе такви објекти на иста локација или кога со проширувањето на објектот ќе се надминат тие зафатнини.

**Член 12**

Ако складирањето и дејствијата сврзани со складирањето на запални течности и гасови се вршат на аеродроми, железнички станици и царинарници, за нив ќе се определи посебно место за чување од моментот на приемот до моментот на испораката на тие материи одделно од другиот промет и објектите, така објектите и просториите што не се технолошки сврзани со складирањето и дејствијата со складирањето да не бидат загрозени од експлозија или пожар.

Местото од претходниот став на аеродромите, железничките станици и царинарниците го определува Министерството за внатрешни работи.

**Член 13**

Објектот од член 8, став 1 на овој закон, освен нафтовод или гасовод, треба да има погоден пристапен пат за движење на противпожарните моторни возила.

**Член 14**

Објектот од член 8, став 1 на овој закон мора да има соодветна опрема, пропишан систем за ладење, уреди и средства за гасење на пожар, како и пропишана инсталација за осветлување на објектот и просторот околу него.

Надземните резервоари за складирање на запални течности и гасови, покрај опремата, уредите и средствата од претходниот став, мора да имаат и соодветен систем за ладење.

**Член 15**

Просторот на магацинот или складот за складирање на запални течности и гасови, станицата за снабдување со гориво и местото каде што се врши преточување на такви материи, како и нивната зона на опасност од пожар во секое време мора да се чисти од отпадни и запални материи.

**Член 16**

Во објектите и просторот, каде што се складирани или каде што се вршат дејствија сврзани со складирање на запални течности и гасови, растурените запални течности се отстрануваат на определени места за тоа или на друг начин се прават безопасни.

**Член 17**

Во просторот на објектот од член 8, став 1 на овој закон и неговата зона на опасност од пожар не смее да има или да се создаваат извори кои можат да предизвикаат пожар или експлозија, што треба да биде видливо одбележено.

**Член 18**

Празните неисчистени садови или подвижните резервоари во кои се наоѓале запални течности и гасови се сместуваат на одделен простор во магацинот или складот за складирање на запални течности и гасови и се затворени и означени на ист начин како да се наполнети со такви материи.

**Член 19**

Објектот од член 8, став 1 на овој закон се обезбедува на пропишан начин против опасности од атмосферски и статички електрицитет.

**Член 20**

Електричната инсталација и уредите за осветлување, погон и други потреби во просторот на магацинот или складот за складирање на запални течности и гасови и на местото каде што се врши преточување на такви материи, како и во нивната зона на опасност од пожар, мораат да бидат во „*S*“ изведба, за да не предизвикуваат пожар или експлозија.

**Член 21**

Магацините, складовите и резервоарите за складирање на запални течности со зафатнина од 500 до 10.000 $м^3$ и за складирање на гасови со зафатнина од 100 до 5.000 $м^3$ се под надзор од определени работници, а над наведените зафатнини под постојан надзор од посебна чуварска служба.

Магацините, складовите и резервоарите од претходниот став имаат ограда, освен прописно вкопаните резервоари на пумпните станици.

**Член 22**

При вршење на технички преглед за употреба на објектот од член 8, став 1 на овој закон учествува и инспектор за оружје, експлозивни и опасни материи на Министерството за внатрешни работи.

Решение за употреба на објектот од претходниот став нема да се издаде сѐ додека не се спроведат мерките за заштита предвидени во инвестиционо-техничката документација и постојните прописи.

**Член 23**

Правното лице што врши работи на складирање и дејствија сврзани со складирање на запални течности и гасови во било каков обем и облик ќе утврди со свој општ акт, а во согласност со закон и други прописи, превентивни и заштитни мерки со кои се обезбедува сигурноста на луѓето и имотот и правила за работа и однесување на работниците што ги вршат работите на складирањето.

Во општиот акт од претходниот став ќе се предвидат соодветни мерки на безбедност и во случај кога складирањето и другите дејствија сврзани со складирањето се вршат ноќе.

**Член 24**

Работи на складирањето и дејствија сврзани со складирањето на запални течности и гасови можат да вршат лица кои се стручно оспособени за такви работи преку соодветно стручно училиште или преку други форми за стручно оспособување (курс, семинари и сл.).

По исклучок, лицата од ставот 1 на овој член, не вршат работи на точење на гориво во погонски резервоар на моторни возила на станица за снабдување со гориво без посада.

Станицата од ставот 2 на овој член треба да исполнува посебни безбедносни и заштитни услови за работењето, кои ги пропишува министерот за внатрешни работи.

**Член 25**

Пристап во објект или простор, каде што се складирани и каде што се вршат дејствија сврзани со складирање за запални течности и гасови е дозволен само на лица кои во тој објект или простор се вработени, кои доаѓаат по службена должност или чие присуство е неопходно заради набавка на запалната течност или гасот.

## III. НАДЗОР

**Член 26**

Надзор над спроведувањето на мерките и условите за заштита утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на него, врши Министерството за внатрешни работи.

**Член 27**

Во вршењето на надзорот Министерството за внатрешни работи може да нареди неправилностите да се отстранат во рок што тој ќе го определи и да забрани употреба на објект од член 8, став 1 на овој закон кој не ги исполнува условите и мерките за заштита пропишани за складирање на запалните течности и гасови, како и да отстрани лице од вршење на работи на складирање и дејствија сврзани со складирањето на запални течности и гасови, кое не е стручно оспособено преку една од формите предвидени во член 24 на овој закон.

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе се изрече за прекршок на правно лице:

1. ако држи запални течности односно гасови спротивно на одредбите од член 6 и 7 на овој закон;
2. ако запалните течности и гасови ги складира на места за кои не е дадена претходна согласност (член 8);
3. ако дозволи запалната течност односно гасот да се налева односно да навлегува во недозволени места (член 10);
4. ако врши складирање или други дејствија сврзани со складирањето на запални течности и гасови на аеродроми, железнички станици и царинарници спротивно на одредбите од член 12 на овој закон;
5. ако нема погоден пристапен пат (член 13);
6. ако нема соодветна опрема, пропишан систем за ладење, уреди и средства за гаснење на пожар, како и пропишана инсталација за осветлување на објектот и просторот околу него (член 14);
7. ако просторот или местото не е исчистено од отпадни и запални материи (член 15);
8. ако не ги отстрани растурените запални течности на определени места за тоа или на друг на чин не ги направи безопасни (член 16);
9. ако во просторот на објектот и неговата зона на опасност од пожар допушти да се создава извор кој може да предизвика пожар или експлозија и ако опасноста не е видливо одбележана (член 17);
10. ако празните садови или подвижните резервоари не ги смести на одделен простор (член 18);

11. ако објектот не го обезбеди на пропишан начин против опасности од атмосферски и статички електрицитет (член 19);

12. ако користи електрична инсталација и уреди кои не се во „S" изведба (член 20);

13. ако не обезбеди надзор од определени работници односно од посебна чуварска служба или не ги огради магацините, складовите и резервоарите (член 21);

14. ако не донесе општ акт или ако во него не се утврдат превентивни и заштитни мерки и правила за работата и однесување на работниците што ги вршат работите на складирањето (член 23);

15. ако работите на складирањето и дејствијата сврзани со складирањето на запални течности и гасови ги вршат лица кои не се за тоа стручно оспособени преку формите предвидени со овој закон (член 24);

16. ако не преземе соодветни мерки за да се спречи пристапот на лица спротивно на одредбите од член 25 на овој закон.

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на службеното лице во органот на општината или во државен орган.

### Член 28-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

### Член 29

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице:

1. ако држи запални течности односно гасови спротивно на одредбите од член 6 и 7 на овој закон;

2. ако запалните течности и гасови ги складира на места кои не се одобрени (член 8);

3. ако дозволи запалната течност односно гасот да се излева односно навлегува во недозволени места (член 10);

4. ако просторот или местото не е исчистено од отпадни и запални материи (член 15);

5. ако не ги отстрани растурените запални течности на определено место за тоа или на друг начин не ги направи безопасни (член 16);

6. ако во просторот на објектот и неговата зона на опасност од пожар создава извор кој може да предизвика пожар или експлозија (член 17);

7. ако празните садови или подвижните резервоари не ги смести на одделен простор (член 18);

8. ако објектот не го обезбеди на пропишан начин против опасности од атмосферски и статички електрицитет (член 19);

9. ако користи електрична инсталација и уреди кои не се во „S" изведба (член 20).

**Член 29-а**

За прекршоците предвидени со одредбите од членот 29 на овој закон прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја.

**Член 29-б**

Прекршочната постапка за прекршоците утврдени во членот 28 од овој закон ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.

**Член 29-в**

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата од членот 29-а од овој закон, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

**Член 29-г**

По исклучок од членот 29-а од овој закон, кога сторителот на прекршокот е странец, прекршочната постапка ја води надлежниот суд.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

Министерот за внатрешни работи, во согласност со министерот за стопанство односно со министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, ќе донесе поблиски прописи за складирањето и заштитата од запалните течности и гасови.

* **Членот 31 е избришан**, види: Закон за изменување на Законот за складирање и заштита од запаливи течности и гасови („Службен весник на РМ" бр.12/93)

**Член 32**

До донесувањето на соодветни технички прописи ќе се применуваат како републички прописи, и тоа:

1. Правилникот за сместување и држење на масло за ложење („Службен лист на СФРЈ" бр. 45/67);
2. Правилникот за изградба на постројки за запални течности и за складирање и преточување на запални течности („Службен лист на СФРЈ" бр. 20/71);
3. Правилникот за изградба на постројки за течен нафтен гас и за складирање и преточување на течен нафтен гас („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/71); и

4. Правилникот за изградба на станици за снабдување со гориво на моторни возила и за складирање и преточување на горивото („Службен лист на СФРЈ" бр. 27/71).

**Член 33**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување на Законот***
***за складирање и заштита од запални течности и гасови***
***("Службен весник на СРМ" бр.51/88)***

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување на Законот***
***за складирање и заштита од запални течности и гасови***
***("Службен весник на СРМ" бр.19/90)***

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување на Законот***
***за складирање и заштита од запални течности и гасови***
***("Службен весник на РМ" бр.12/93)***

**Член 11**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот***
***за складирање и заштита од запални течности и гасови***
***("Службен весник на РМ" бр.66/07)***

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ***ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Законот за дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови ("Службен весник на РМ" бр.130/08)***

**Член 2**

Подзаконскиот пропис предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ***ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови ("Службен весник на РМ" бр.148/15)***

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ***ЗАВРШНА ОДРЕДБА од Законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови ("Службен весник на РСМ" бр.294/21)***

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".